Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип............................. 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..........................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..........................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип .......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип .......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип .......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ......................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ....83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на асистент (специјалист) за научната област ***хирургија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Наставно-научниот совет донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија во следниот состав:

- проф. д-р Андреја Арсовски, претседател, насловен вонреден професор, вработен во ПЗУ „Ремедика“ – Скопје;
- проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, член, редовен професор, вработен во Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје;
- доц. д-р Зоран Ханџиски, член, доцент, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ од 27.11.2012 година.

Во предвидениот рок се пријави кандидатот: д-р Илија Милев.

Врз основа на приложената документација на кандидатите Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Илија Никола Милев** е роден на 5 март 1975 год. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје на 4 ноември 1999 год., со просечен успех 8.53. По дипломирањето работи како лекар во ЈЗО Медицински центар – Штип, најпрвин во Службата за општа медицина, а потоа на Одделението за ОРЛ заболувања. Во учебната 1999/2000 година бил ангажиран како професор по предметот Гинекологија со акушерство во ДСМУ „Јане Сандански“ – Штип. Наредните две години бил ангажиран во истото училиште како професор по предметот Хигиена. Во јуни 2002 год. се вработува во ЈЗО Медицински центар – Штип, во РЕ Итна медицинска помош со домашно лекување. Во 2003 год. започнува специјализација по Општа хирургија на Медицинскиот факултет – Скопје, каде што на 25 јануари 2008 год. пред испитна комисија го положува специјалистичкиот испит по специјалноста општа хирургија и се стекнува со звање **специјалист по општа хирургија**. Од тогаш работи како специјалист – хирург на Хируршкото одделение во сегашната ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Кандидатот во периодот од 13 март до 10 април 2011 год. успешно завршува тренинг курс од областа на абдоминалната и лапароскопската хирургија во Болницата за тренинг и истражување „Ankara Numune“ во Анкара, Турција.

Кандидатот од 2 мај 2012 год. започнува **суспецијалистички студии од областа на абдоминалната хирургија** во Клиниката за дигестивна хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот во март 2010 год. е избран во звање **асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот е учесник на голем број конгреси, семинари и конференции во земјава и во странство. Истиот е автор и коавтор на повеќе теми од областа на хируригијата.

Член е на Лекарската комора на Р. Македонија и Македонското лекарско друштво.

Има одлично познавање на англиски јазик и компјутерски вештини.

***Стручни трудови***

1. **И. Милев**, „Акутен абдомен“, *Medicus* – информативен гласник за јавното здравство, бр. 9, септември 2010;
2. А. Митевски, А. Георгиев, Н. Лазовски, Ѓ. Денков, **И. Милев**, „Аденокарцином на почетниот дел на јејунум кај 28-годишен пациент, (презентација на случај), *Medicus* – информативен гласник за јавното здравство, бр. 9, септември 2010;
3. **И. Милев**, „Колоректален карцином, современи гледишта и ставови (прв дел)“, *Medicus* – информативен гласник за јавното здравство, бр. 11, април 2011;
4. **И. Милев**, „Колоректален карцином, современи гледишта и ставови (втор дел)“, *Medicus* – информативен гласник за јавното здравство, бр. 12, септември 2011;

***Учество на конференции***

1. **И. Милев**, Л. Новески, А. Митевски, Н. Лазовски, М. Митровиќ, „Некротизирачки фасциитис на предниот абдоминален ѕид и модалитети на третман – презентација на случај“, III конгрес на хирурзите на Македонија, 12 – 15.5.2010 Охрид (постер);
2. А. Митевски, А. Георгиев, Н. Лазовски, Ѓ. Денков, **И. Милев**, „Аденокарцином на почетниот дел од јејунум кај 28-годишен пациент - презентација на случај“, III конгрес на хирурзите на Македонија, 12 – 15.5.2010 Охрид (постер);
3. A. Mitevski, N. Jankulovski, **I. Milev**, A. Georgiev, N. Lazovski, “Rectal prolapse in 89 years old woman – case report”, 7th Biannual International Symposium of Coloproctology, October 7 – 9 2010, Belgrade, Serbia (poster);
4. **I. Milev**, A. Mitevski, N. Lazovski, A. Georgiev, G. Velkov, “Treatment of somplex perianal fistula – case presentation”, 7th Biannual International Symposium of Coloproctology, October 7 – 9 2010, Belgrade, Serbia (poster);
5. **И. Милев**, А. Митевски, Д. Паризов, А. Георгиев, А. Караѓозов, „Клиничка манифестација на Meckel дивертикулум кај возрасната популација – дијагностичка енигма“, IX македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, 31 мај – 3 јуни 2012, Охрид (постер);
6. A. Karagjozov, **I. Milev**, S. Antovic, E. Kadri, “Presacral, retrorectal dermoid cyst in a female pacient – case report”, 8th Biannual International Symposium of Coloproctology, October 11 – 13 2012, Belgrade, Serbia (poster);
7. A. Stojanovski, **I. Milev**, B. Panov, B. Panova, N. Velichkova, L. Nikolovska, G. Panova, “White mistletoe extract (Viscum Album) tested on experimental animals as therapy for cancer”, 7th International medical students Congress, Novi Sad, 2012 (in print);
8. A. Stojanovski, **I. Milev**, J. Jordanovski, G. Panova, “The effect of white mistletoe extract (Viscum Album) in strengthening the immune system in experimental animals with cancer”, 5th Scientific Conference “Students Encountering Science” with International participation, November, 22 – 25 2012, Banja Luka (in print);
9. A. Stojanovski, **I. Milev**, J. Jordanovski, G. Panova, “Mastectomy and immediate reconstruction”, 5th Scientific Conference “Students Encountering Science” with International participation, November, 22 – 25 2012, Banja Luka (in print).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз онова на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Илија Милев ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатот д-р Илија Милев да се избере за асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Андреја Арсовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, член, с.р.**
**Доц. д-р Зоран Хаџиски, член, с.р.**

| **Ред. број** | **Наставно – образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 1 | Научнопопуларна статија во стручно методско списание | 4 | |
| 2 | Вежби 2010/11 | 8 | |
| 3 | Вежби 2011/12 | 8 | |
| **Ред. број** | **Научно – истражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 1. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и странство | 3 | 9 |
| **Ред. број** | **Стручно – апликативна дејност и организационо – развојна дејност** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 1. | Труд во стручно (научно – популарно ) списание | 8 | |
| 2. | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1,5 | 6 |
| | **ВКУПНО (НО+НИД+САД):** | **32,5** | **15** |
| | | **47,5** | |